РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 24.11.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| УПП 03 | 29 | | |

**From:** contact <contact@avmu.mk>
**Sent:** Monday, November 24, 2025 8:30 AM
**To:** zaposta@avmu.mk
**Subject:** [Fwd: ПРЕСТАВКА - Алфа ТВ и Канал 5 ТВ]

Почитувани,

Како гледачка и граѓанка заинтересирана за квалитетот и разноврсноста на домашниот медиумски простор, сакам да поднесам претставка во врска со начинот на кој одредени национални телевизии (конкретно Канал 5 и Алфа) ги креираат своите програмски распореди при што во текот на целиот ден и во ударни термини се емитуваат исклучиво репризни серии, репризни емисии и веќе видени содржини, понекогаш со недели и месеци наназад.

Свесна сум дека ААВМУ во своите изјави често наведува дека немате директна надлежност во одобрување или креирање програмски распореди. Меѓутоа, како регулаторно тело со законска обврска да обезбеди квалитетна, разновидна и јавно бенефициентна програма кај националните радиодифузери, сметам дека имате и обврска да реагирате кога програмата станува очигледно сведена на постојани репризи што може да се смета како нарушување на граѓанскиот и конзументски интерес.

Ако ААВМУ не е надлежно да ја следи програмската разновидност и соодветност, тогаш кое институционално тело е надлежно да спречи телевизии со национална концесија да функционираат во најголем процент со репризи, нешто што ни пред 30 години не се случуваше во тв етерот.

Би сакала ова прашање да го поставите и до одговорните кои ја основале оваа иниситутција и кои се должни да обезбедат нејзино функционирање затоа што константното емитување репризи не е дефинитивно во согласност со обврските кои произлегуваат од добиената национална дозвола за работа и критериумите за нормална и нова програма.

Мислам дека треба да воспоставите механизми на санкција или препораки кога една национална телевизија емитува таква програма со месеци.

Не е дозволиво по ниеден стандард да реално шоу Стројник со години се репризира на Алфа по 3 часа навечер секоја вечер и реприза на репризата наутро. Ниедна серија немаат во програма, филмовите се реприզи исто – нешто кое треба да е задолжителен програмски наслов на секоја телевизија секаде. Сепак не е тоа локален медиум за Делчево или Валандово каде само емисии и подкасти. Се работи за национална телевизија која емитира репризи од емисија по 5 часа дневно, а во матичната земја Србија, таа емисија оди во 13 часот со еден час само емитирање.

Не е дозволиво и Канал 5 да емитува репризи на серии секој ден до 18 часот, а за викенд буквално цел ден, цела вечер и цела ноќ. Толку ли не може да се купат нови наслови од толку земји низ светот па мора тие две серии кои ги емитираат да имаат по неколку репризи во денот и по цели денови и вечери во сабота и недела. Не постои една единствена телевизија на Балканот која дава репризно толку пати една те иста серија. По која логика телевизијава дава репризи цела вечер сабота, цела вечер недела, цело попладне сабота, цело попладне недела, цели попладниња во работна седмица, цели ноќи во работна недела од 11 навечер па натака? Погледнете било која ТВ во светот и ќе видите колку серии и колку нова програма даваат сите телевизии, па дури и другите наши национални ТВ станици како Сител и Телма.

Ако се дадени дозволите, зошто не би се одземале тогаш хипотетички? А со цел да се спречи ова самоволие на телевизиите кон гледачите. На пример погледнете некои мали телевизии како Тера, 1 Скопска, М ТВ кои се трудат цело време и за викенд да даваат нови епизоди од серии и нови филмови. А истите немаат дозвола национална за работа. Тоа е парадоксот.

Во држави со кои се споредуваме или заедно напредуваме кон ЕУ, состојбата е значително подобра. На пример националните приватни телевизии во соседна Албанија, како Klan TV, Vizion Plus и Top Channel, редовно емитуваат премиерни серии и филмови, нови домашни емисии и дневни емисии со свежа содржина. И тоа во земја која е значително напредната во сите кластери во преговорите со ЕУ, што покажува дека функционален медиумски систем е дел од европските стандарди. Таму програмата почнува во 5 наутро, а преку ден и навечер има само нови епизоди од серии, а не репризи. Серии таму нови со нови епизоди течат и во 12 часот на пладне и во 13 и во 14 итн.

Друг пример е Босна и Херцеговина. Иако и таа е „заглавена" во евроинтеграциите слично како нас, националните приватни телевизии како OBN, BN, Nova BH емитуваат постојано нови серии секојдневно, премиерни филмови, емисии и редовно освежувана програмска шема.

Ниту во Албанија ниту во БиХ не постои ситуација национална приватна телевизија да врти репризни програми со месеци и години, без свежа содржина и без инвестиции во квалитет. Тоа е тенденција која е карактеристична само за дел од македонските национални телевизии и која очигледно влијае негативно врз медиумскиот плурализам, конкуренцијата, квалитетот и исполнувањето на јавниот интерес. А особено влијае кај гледачите да сме уморни од тие репризи и да бараме алтернатива во Нетфликс и кабелски телевизии.
Сметам дека ваквата практика не е прифатлива по ниедна норма и закон и сметам дека Агенцијата не треба да дозволи понатамошно самоволие во вакво уредување на програмите туку треба и превентивно и корективно да реагира. Ако не постои пример законска регулација, тогаш можете поинаков механизам да воспоставите и на неделно ниво да ја регулирате програмата конкретно во однос на репризи.

Со почит,

ТВ Гледачка

--
This message has been scanned for viruses and dangerous content by **MailScanner**, and is believed to be clean.

Automatically forwarded by: contact@avmu.mk
------------- original message --------------
Subject: ПРЕСТАВКА - Алфа ТВ и Канал 5 ТВ
From:
Date: Mon, 24 Nov 2025 08:29:37 +0100
To: contact@avmu.mk